Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24) и согласно член 18 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење („Службен весник на Република Македонија "бр. 68/15, 55/18, 90/21 и „Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 188/20, 55/21 и 263/22) донесен согласно член 74, став 8 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25 и 87/25),Советот на Општина Кичево на 8_седница, одржана на 23.04.2026_година, донесе:

---

# ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ВО ОПШТИНА КИЧЕВО

---

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Изработката на Програмата за изградба на повеќенаменски отворени и затворени спортски игралишта во Општина Кичево, е законска обврска согласно член 18 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење („Службен весник на Република Македонија "бр. 68/15, 55/18, 90/21 и „Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 188/20, 55/21 и 263/22) донесен согласно член 74, став 8 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25 и 87/25).

## ЦЕЛИ И МОТИВ

Основна цел за изработување на Програмата за изградба на повеќенаменски отворени и затворени спортски игралишта во Општина Кичево, е да се овозможи реална организација на просторот, кој ќе доведе до подобрување на условите за развој на спортот во Општина Кичево и спортските активности на жителите.

Мотивите за изработка на Програма за изградба на повеќенаменски отворени и затворени спортски игралишта во Општина Кичево се:

- Природни услови и атрактивност на просторот
- Реална потреба да се реализира и анимира просторот планиран за таа намена со што ќе доведе до подобрување на условите за изведување на спортски и рекреативни активности во мали спортови (ракомет, кошарка, гимнастика, фудбал и други), фискултурна настава, како и спортски натпревари пред публика.

Со оваа Програма за изградба на повеќенаменски отворени и затворени спортски игралишта во Општина Кичево се подобруваат условите за корисниците на постојниот простор, реанимација и привлекување на младите генерации од околината и регионот за здрав и спортски живот.

## ПРОГРАМСКИ БАРАЊА

Со Програмата се предвидуваат градби кои не се предвидени со урбанистички план односно Урбанистичко планска документација.

Програмата содржи податоци за утврдена површина за градење на повеќенаменски отворени и затворени спортски игралишта во Општина Кичево и притоа не се нарушува урбанистичката концепција и параметри на веќе изградените објекти и простори и овозможува безбедно движење на сите корисници, согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

Содржината на Програмата е изработена согласно Упатство за начинот на изготвување на програмата за градби кои не се предвидени со урбанистички план, односно урбанистичко планска документација (Службен Весник бр.68/15).

## ПЛАНСКИ ОПФАТ

Според предвидената состојбата на терен, просторот кој е предмет на разработка со Програмата за изградба на повеќенаменски отворени и затворени спортски игралишта се наоѓа во рамките на следните катастарски парцели: на КП бр. 5864/1 КО Кичево 1;на дел од КП бр. 5982/1 КО Кичево 9; на дел од КП бр. 2520/1 КО Кичево 3; на дел од КП бр. 671/22 и КП бр.671/35 КО Кичево 3; на дел од КП бр. 3218/1 КО Кичево 4; на дел од КП бр. 3768/1 КО Кичево 2; на дел од КП бр. 623 КО Кичево 3; на дел од КП бр.2715 КО Кичево 4; на дел од КП бр. 6686/4 КО Кичево 9; на КП бр.959 КО Србјани; на дел од КП бр.747/1 КО Другово; на дел од КП бр.1908 КО Тајмишта; на дел од КП бр.605 КО Брждани; на дел од КП 800 КО Јаворец; на дел од КП 1387 КО Карбуница; на дел од КП бр 3692 КО Зајас; на дел од КП

бр.2588 КО Туин; на дел од КП бр. 1225 КО Козица и на дел од КП бр. 1294 КО Вранештица сите во сопственост на Република Северна Македонија.

Со оваа Програма на споменатите катастарски парцели се предвидува изведување на повеќенаменски спортски игралишта со основна класа на намена:

Д- Зеленило и рекреација

Д3 – Спорт и рекреација

При утврдувањето на услови за изградба и користење на земјиштето и градбите задолжително се применуваат стандардите и нормативите за урбанистичко планирање согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

Согласно Упатството за начинот на изготвување на програмата за градби кои не се предвидени со урбанистички план, односно урбанистичко планска документација (Службен Весник бр.68/15), составен дел на оваа Програма претставуваат и графичките прилози со приказ на предметниот простор, постојна и планирана состојба кои на барање на Општина Кичево ќе бидат изработени посебно за секоја локација од страна на овластени и стручни лица и доставени до Општина Кичево.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Годишната програма за изградба на повеќенаменски спортски игралишта во општина Кичево влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кичево"

Број: 08-1745/15

Од:23.04.2026 година

Кичево

ПРЕТСЕДАТЕЛ

НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Ајхан Сулковски

__________________________________